Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-56
17.03.2026 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки /
Правни работи / финансии / Ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија - Велес следејќи ја повеќегодишната традиција на размена на информации, искуства и зголемување на вештините, како и барањата за меѓусебно континуирано информирање, организира консултативна работилница за презентирање на актуелни теми и давање прецизни одговори и насоки за соодветно и законско постапување, на тема:

**„Јавни набавки – од планирање до реализација на договор: најчести предизвици во јавните набавки“**

Работилницата ќе се одржи на **01 Април 2026 година во хотел „Гардениа“, Велес.** Регистрацијата на учесниците е од 09:00 до 09:30 часот, а почетокот на работилницата е од 09:30 часот.

Работилницата има за цел да обезбеди стручен, директен, сеопфатен и интерактивен пристап, преку обезбедување одговори на поставените прашања, компетенти и прецизни насоки за постапување во областа на јавните набавки, преку разработување на следните теми – области:

- **Од планирање, до договор: каде најчесто се прават пропусти во јавните набавки**
- **Најчести прашања во постапките за јавни набавки што доведуваат до поништување на тендерите**
- **Каде започнуваат проблемите по завршувањето на постапката**
- **Најчести прашања при реализација на договорите**

Работилницата е дизајнирана како интерактивен настан на кој учесниците ќе имаат можност да дискутираат и на други теми за кои ќе има интерес за дискусија, а воедно и да добијат одговори и насоки за постапување за конкретни и практични отворени прашања од областа на јавните набавки. Со овој пристап учесниците на работилницата ќе ги надградат сопствените знаења во функција на правилно, законско и навремено постапување.

**Работилницата ќе ја реализира м-р. Катерина Николовска, која е практичар и професионален обучувач со огромно долгогодишно работно искуство во областа на јавните набавки.**

Искористете ја оваа исклучителна можност да учествувате на обуката, да ги надградите своите знаења и практични вештини и да размените информации за областите од работилницата.

**Учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител** согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи **ќе имаат право на доделување на часови за посета на настава за КПУ** согласно со акредитираните теми и времетраењето на истите опфатени со Агендата за оваа работилница.

**Надоместокот за учество на работилницата е** задолжителен за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува: само **7.875,00 денари (со ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали, кафе пауза и ручек. За повеќе од две лица – учесници на работилницата, од иста институција, одобруваме попуст од 10% на вкупната сума за сите учесници од институцијата.

Надоместокот за учество на работилниците можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје / или**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата.**

**Пријавување учество за работилница:**

Во функција на добро организирање на работилницата, Ве молиме навремено да го пријавите Вашето присуство во **Здружението на финансиските работници**. Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: kontakt_zfr@yahoo.com и zfrlsjpv@gmail.com. Формуларот Пријавите за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 070/265-401; 071/335-930; 076/265-136 или преку наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски